РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-3950/1

Скопје 26.10.2021г.

Предмет: Дневен извештај

Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и нашиот меѓуинституционален Меморандум за соработка, склучен на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **25 октомври 2021** година.

Агенцијата на својата веб страница го објави Извештајот за начинот на известување во првиот круг на Локалните избори 2021 година. Извештајот се однесува на медиумското покривање на кампањата за периодот од 27 септември – 15 октомври, за примерок од 13 радиодифузери. Содржината на Извештајот може да се преземе во делот за објавени извештаи на посебниот дел од сајтот на АВМУ посветен на ЛИ 2021 https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/.

Сите анализирани програмски сервиси на национално ниво вложија напори да обезбедат медиумско покривање на изборната кампања за Локалните избори 2021.

Комерцијалните радиодифузери кои беа предмет на мониторинг, не успеаја во целост да се придржуваат кон принципите на еднаквост и пропорционалност при обезбедувањето баланс во известувањето за изборното медиумско претставување, што во извесна мера се должи и на навистина големиот број учесници во изборната кампања, кои имаа различен интензитет на кампањата, а информирање за лицата со сетилна попреченост од комерцијалните медиуми обезбеди единствено ТВ 24 Вести.

Програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис ги почитуваа законските барања за структурата на дневноинформативните емисии, за емитување дебати и бесплатно политичко претставување. МРТ1 обезбеди информирање за изборниот процес и за лицата со сетилна попреченост. Собраниското канал емитуваше бесплатно политичко претставување на повеќе учесници во изборите, распоредувајќи го времето според законската одредба.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

---

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје